РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 12-483/1
22.01.2014 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06; бр.86/08 и бр.6/10), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, бул. ВМРО бр.4, тел: 02/ 3103400, факс: 02/ 3103401, е-маил: o.nedelkovski@avmu.mk, и Претседателот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски како одговорно лице во Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги како имател на информации, го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2013 до 31.12.2013)**

**1. Податоци за службеното/те лице/а задолжено/и за посредување на информации кај имателите на информации:** Огнен Неделковски, Раководител на Секретаријатот на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**2. Број на поднесени барања-**

35 (триесет и пет) поднесени барања:

1. Барање од Граѓанска Асоцијација МОСТ, ул.„Ванчо Мицков" бр.18б, 1000 Скопје, (наш бр.03-259/1 од 16.01.2013 година), за информација во врска со „бројот на регистрирани телевизии, посебно за секоја од 84-та општини во Република Македонија, за 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010 и 2011 година, за секоја одделно";

2. Барање од Центар за развој на медиуми, ул.„11 Октомври" бр.21-2/14, 1000 Скопје, (наш бр.12-698/1 од 11.02.2013 година), за информација во врска со доставување на „сите записници од одржаните седници на Советот за радиодифузија, како и одлуките донесени на тие седници во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2012 година";

3. Барање од Центар за развој на медиуми, ул.„11 Октомври" бр.21-2/14, 1000 Скопје, (наш бр.12-815/1 од 21.02.2013 година), за информација во врска со доставување на „сите записници од одржаните седници на Советот за радиодифузија, во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2012 година";

4. Барање од Драган Здравевски, Бул. „Авној" бр.84/2-1, 1000 Скопје, (наш бр.12-824/1 од 21.02.2013 година), за информација во врска со тоа „дали Одлуката на Владата на РМ бр.23-624/1 од 09.03.1998 година, донесена на предлог на Советот за радиодифузија, објавена во „Сл. Весник на РМ" бр.13/98 е во правно дејство";

5. Барање од Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-1140/1 од 13.03.2013 година), за информација во врска со „целокупната

документација од судскиот предмет бр.ТСЖ бр.3028/12 од 31.01.2013 година на Апелациониот суд Скопје, вклучувајќи ги и списите од постапката што се водела пред првостепениот суд";

6. Барање од Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-1314/1 од 22.03.2013 година), за информација во врска со „Правилник на Советот за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите", Правилник на Советот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци, „Анализа на поведените управни спорови против одлуките на Советот за радиодифузија", „Одлуката со која ТВ Пинк 15 и е одземена дозволата за работа" и „Меморандумот за разбирање склучен помеѓу Советот за радиодифузија и MaxTV";

7. Барање од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-2258/1 од 16.05.2013 година), за информација во врска со „укажувања од страна на СРД против одредени радиодифузери и јавниот радиодифузен сервис во текот на 2011 и 2012 година, за изречени писмени опомени од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за изречени писмени опомени со барање за објавување од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за изречени времени забрани за рекламирање од 1 (еден) ден од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за изречени времени забрани за емитување на програмскиот сервис за перод од 2 (два) дена од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за изречени времени забрани за емитување на програмскиот сервис за перод од 3 (три) дена од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за барања за поведување на прекршочни постапки од Советот за радиодифузија во текот на 2011 година против одредени радиодифузери за повреди на Законот за радиодифузната дејност, за укажувања на СРД до одредени радиодифузери за прекршување на одредбите од Изборниот законик/Правилник за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборна кампања за предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година, за укажувања на СРД до одредени радиодифузери за прекршување на одредбите од Изборниот законик/Правилник за рамноправен пристап во медиумското преставување во време на изборна кампања за предвремени избори за пратеници

во Собранието на РМ во 2011 година, за укажувања на СРД до одредени радиодифузери за прекршување на одредбите од Изборниот законик/Правилник за рамноправен пристап во медиумското преставување во време на изборна кампања во време на изборен молк (4-ти и 5-ти јуни) за предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година, за поведени прекршшчни постапки против одредени радиодифузери во време на Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011 година, за налози за исклучување на програмски сервиси на оператори на јавна комуникациска мрежа во 2011 година, за поведување прекршочни постапки против оператори на јавна комуникациска мрежа во 2011 година";

8. Барање од Центар за развој на медиуми, ул.„11 Октомври" бр.21-2/14, 1000 Скопје, (наш бр.12-2533/1 од 31.05.2013 година), за информација во врска со доставување на „дописот со доказите од ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје со кој се докажува промената во сопственоста, дописот со доказите од ТРД Телевизија Ситея ДООЕЛ Скопје со кој се докажува промената во сопственоста, целата документација за доделување на дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија преку терестријален предавател на државно ниво:

- конкурсот кој е објавен од СРД за доделување на дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија преку терестријален предавател на државно ниво,

- сите доставени понуди до СРД по објавениот конкурс за доделување на дозволата,

- записникот од одржаната седница на 23.05.2013 година,

- извештајот од Комисијата при СРД врз основа на кој на ТВ Алфа и е доделена дозволата за емитување на државно ниво а другите понудувачи се одбиваат, и

- дали е направена надворешна анализа за потребата за доделување на дозвола за емитување на државно ниво, доколку постоела истата да им се достави;

9. Барање од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-2258/3 од 05.07.2013 година), за информација во врска „за известувања од страна на СРД кон одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за укажувања од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени писмени опомени од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени писмени опомени со барање за објавување од страна на СРД против

одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени времени забрани за рекламирање од 1 (еден) ден од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени времени забрани за емитување на програмскиот сервис заперод од 3 (три) дена од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за прекршочни постапки по кои постапувал Советот за радиодифузија во текот на 2012 година за повреди на Законот за радиодифузната дејност во 2011 година, за прекршочни постапки по кои постапувал Советот за радиодифузија во текот на 2012 година а се поведени за време на предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011 година, за налози за исклучување програмски сервиси на одредени оператори на јавна комуникациска мрежа во текот на 2012 година;

10. Барање од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-2258/4 од 11.07.2013 година), за информација во врска со „укажувања во текот на 2011 година, изречени писмени опомени од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 и 2012 година, за изречени писмени опомени со барање за објавување од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за изречени времени забрани за рекламирање од 1 (еден) ден од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за изречени времени забрани за емитување на програмскиот сервис за период од 2 (два) дена од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година , за изречени времени забрани за емитување на програмскиот сервис за период од 3 (три) дена од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2011 година, за барање за поведување на прекршочни постапки од Советот за радиодифузија во текот на 2011 година против одредени радиодифузери за повреди на Законот за радиодифузната дејност, за укажувања на СРД до одредени радиодифузери за прекршувања на одредбите од Изборниот законик/Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања за предвремени избори за пратениците во Собранието на РМ во 2011, за укажувања на СРД до одредени радиодифузери за прекршувања на одредбите од Изборниот законик/Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборна кампања за предвремените избори за пратениците во Собранието на РМ во 2011, за укажувања на СРД до одредени радиодифузери за прекршувања на одредбите од Изборниот законик/Правилникот за рамноправен

пристап во медиумското претставување во време на изборна кампања во време на изборен молк (4-ти и 5-ти јуни) за предвремените избори за пратениците во Собранието на РМ во 2011, за поведени прекршочни постапки против одредени радиодифузери во време на Предвремени праламентарни избори во Република Македонија во 2011 година, за налози за исклучување на програмски сервиси на одредени оператори на јавна комуникациска мрежа во 2011 година и за поведување прекршочни постапки против одредени оператори на јавна комуникациска мрежа во 2011 година;

11. Барање од ТРД РТВ Орбис Битола, ул. Борка Левата б.б. Битола, (наш бр. 12-2487/1 од 29.05.2013 година), за информација во врска со тоа „колкав износ ќе плаќа локална телевизија од Скопје чија програма ќе се емитува преку јавна телекомуникациска мрежа";

12. Барање од „Транспарентност Македонија", Бул. „Илинден" 50 1000 Скопје, (наш бр. 12-2658/1 од 06.06.2013 година), информација во врска со „фотокопија од пријавата и потребната документација и податоци кои согласно член 49 од Законот за радиодифузната дејност, кандидатите (ТВ Алфа и Канал 77) на Конкурсот за доделување на 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност, за емитување и пренос на радио програмски сервис на државно ниво, преку терестријален предавател од 17.04.2013 година, биле должни да ги достават до Советот за радиодифузија";

13. Барање од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр. 12-2960/1 од 01.07.2013 година), информација во врска „за известување од страна на СРД кон одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за укажувања на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени писмени опомени од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени писмени опомени со барање за објавување од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени времени забрани за рекламирање од 1 (еден) ден од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за изречени времени забрани за емитување на програмски сервис за период од 3 (три) дена од страна на СРД против одредени радиодифузери во текот на 2012 година, за прекршочни постапки по кои постапувал Советот за радиодифузија во текот на 2012 година за повреди на Законот за радиодифузната дејност во 2011 година, за прекршочни постапки по

кои постапувал Советот за радиодифузија во текот на 2012 година а се поведени за време на предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011 година, за налози за исклучување програмски сервиси на одредени оператори на јавна комуникациска мрежа во текот на 2012 година, за предлози до Координативно тело за интелектуална сопственост при Владата на РМ;

14. Барање од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-3076/1 од 10.07.2013 година), информација во врска со „Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Претседателот на Советот, Заменикот на претседателот на Советот и членовите на Советот за радиодифузија на РМ и Правилникот за бруто плата и други надоместоци на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија";

15. Барање од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-3350/1 од 26.07.2013 година), информација во врска со доставување на сите „понуди кои беа доставени до Советот за радиодифузија во врска со конкурсот за доделување на дозвола за вршење на радиодифузната дејност за емитување и пренос на радио програмски сервис на државно ниво";

16. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3464/1 од 12.08.2013 година), информација во врска со „досега колку санкции се изречени на медиумите за непочитување на објавената содржина? За каков тип на прекршување се изречени санкциите?"

17. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3465/1 од 12.08.2013 година), информација во врска со информацијата „дали младите се претставени или вклучени во телата за одлучување на Советот за радиодифузија";

18. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3466/1 од 12.08.2013 година), во врска со информацијата „со кој акт е регулиран мониторингот и надзорот на содржината на медиумите";

19. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3467/1 од 12.08.2013 година), во врска со информацијата „дали се санкционира непочитувањето на правилата за содржината во медиумите? Со кој акт се регулира изрекувањето на санкциите";

20. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3468/1 од 12.08.2013 година), во врска со информацијата „со кој акт е регулирана содржината во медиумскиот простор";

21. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3469/1 од 12.08.2013 година), во врска со информацијата „дали Советот има усвоено стратегија која го дефинира и е насочена кон борба против говорот на омраза";

22. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3470/1 од 12.08.2013 година), во врска со информацијата „кој акт го дефинира и регулира говорот на омраза? Дали Советот има изработено некакви анализи или евалуации за имплементација на самиот акт? ";

23. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3471/1 од 12.08.2013 година), во врска со информацијата „Дали Советот има изработено анализи или истражувања поврзани со младите и медиумите?";

24. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3472/1 од 12.08.2013 година), во врска со информацијата „Дали Советот има усвоено стратегија која има за цел да ја зголеми соработката помеѓу медиумите и младите";

25. Барање од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-3527/1 од 20.08.2013 година), во врска со информацијата „фотокопија од Укажувањето бр.03-2180/1 од 10.05.2013 со кое на ТРД Канал 5 му се упатува укажување за прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој";

26. Барање од адвокат Александар Михајлоски, ул.„Црвена вода" бр.7/3, 1000 Скопје, (наш бр.12-3530/1 од 20.08.2013 година), во врска со информацијата „барање на РА Канал 77 од Штип за одобрение за промена на сопственичка структура";

27. Барање од Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – Скопје, Ул. Даме Груев бр.28, 1000 Скопје, (наш бр.12-4176/1 од 24.10.2013 година), во врска со информациите „дали во редовите на Советот за радиодифузија има претставник на ромската етничка заедница во РМ, согласно член 24 од Законот за радиодифузната дејност и Стратегијата за Ромите во Република Македонија, програмските стандарди, непрофитните радиодифузери, Декларација за улогата на медиумите на заедницата во промовирањето на социјалната кохезија и интеркултурниот дијалог на Комитетот на Министри на Советот на Европа од 2009 година", постапувањето по претставки, колку часа

неделно изнесува времето кое вториот програмски сервис на МРТ го посветува на емитување на содржини на ромски јазик и медиуми кои емитуваат програмски содржини на ромски јазик".

28. Барање од Елена Чапова, ул. „Веселин Маслеша" 1/3-15, 1000 Скопје, (наш бр.12-4060/1 од 10.10.2013 година), во врска со информациите „кои субјекти се сметаат за корисници на услугите на Советот, каков е односот економски субјекти виза-ви граѓаните како корисници на услуги, кои инструменти применува Советот за регулирање на пазарот, односно како ги дефинира рамките за утврдување на цените на услугите за давателите на своите услуги";

29. Барање од Игор Јадровски, Legal Advisor H.E.R.A. Health Education and Research Association Дебарца 56, 1000 Скопје, (наш бр.12-4031/1 од 07.10.2013 година), во врска со информациите „записник од Седница на Советот за радиодифузија на која е донесена одлука за ограничување на емитувањето на спотот на Владата на Република Македонија во која абортусот се поистоветува со убиство";

30. Барање од ТРД ТВ АЛСАТ-М ТВ, СКОПЈЕ, бул. Крсте Мисирков бр.7 ламела Ц/9 кат, ДТЦ Мавровка 1000 Скопје, (наш бр.12-4618/1 од 19.11.2013 година), информација во врска со „доставување копија од дописот што Советот за радиодифузија ги има испратено до кабелските оператори ТЕЛЕ Кабел – Скопје и Шкупи Визион – Скопје";

31. Барање од Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – Скопје, Ул. Даме Груев бр.28, 1000 Скопје, (наш бр.12-4465/1 од 12.11.2013 година), во врска со информацијата „барањето за стенограм од одржаната јавна седница на Советот за радиодифузија на тема „Родот и медиумите", одржана на 11.11.2013 година во Клубот на пратениците во Скопје";

32. Барање од Младински образовен форум, ул. Дренак 34а, 1000 Скопје, (наш бр.12-4633/1 од 20.11.2013 година), во врска со информацијата „програмски препораки за следење на коректното користење на младите во рекламирањето, листата на медиуми до кои се испратени (од донесувањето на НСН до денес) и листа на медиуми кои ги применуваат";

33. Барање од Младински образовен форум, ул. Дренак 34а, 1000 Скопје, (наш бр.12-4634/1 од 20.11.2013 година), во врска со информацијата „програмски препораки за подобрување на имиџот врз младите луѓе кој медиумите денес го имаат, листа на медиуми до кои се доставени (од донесувањето на НСМ до

денес), со конкретни препораки до секој медиум и листа на медиуми кои ги спровеле";

34. Барање од Зоран Златков, zoran.zlatkov@gmail.com, (наш бр.12-4692/1 од 28.11.2013 година), во врска со информацијата „копија од огласот за вработување на возач од Б категорија, објавен на интернет сајтот на домашниот радиодифузер ТВ Канал 5 - Скопје ";

35. Барање од Здружението на граѓани – Центар за граѓански комуникации, ул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, (наш бр.12-5187/1 од 27.12.2013 година), со кое се бара достава на Извештајот за спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на горива за службените моторни возила на Советот за радиодифузија на РМ и Тендерската документација бр. 40/2013.

**3. Број на позитивно одговорени барања;**

**26 (дваесет и шест) барања се позитивно одговорени, од кои 23 (дваесет и три) во целост, а 3 (три) - делумно, и тоа:**

1. Барањето од Граѓанска Асоцијација МОСТ, ул.„Ванчо Мицков" бр.186, 1000 Скопје, (наш бр.03/259/1 од 16.01.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека бараната информација за "Број на регистрирани телевизии, посебно за секоја од 84-те општини во Република Македонија, за 2005, 2006, 2007, 2008 2009, 20120 и 2011 година, за секоја година одделно", може да ја добијат на следниот линк на ВЕБ страната (www.srd.org.mk) на Советот за радиодифузија на Република Македонија http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=129&Itemid=91&lang=mk, каде што се наоѓаат Извештаите за работа на Советот за радиодифузија за сите горенаведени години.

2. Барањето од Центар за развој на медиуми, ул.„11 Октомври" бр.21-2/14, 1000 Скопје, (наш бр.12-698/1 од 11.02.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека записниците од одржаните седници на Советот за радиодифузија, како и одлуките донесени на тие седници во периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2012 година ", може да ги добијат на ВЕБ страната на Советот за радиодифузија на РМ: www.srd.org.mk.

3. Барањето од Центар за развој на медиуми, ул.„11 Октомври“ бр.21-2/14, 1000 Скопје, (наш бр.12-815/1 од 21.02.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека сите записници од одржаните седници на Советот за радиодифузија во периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2012 година, се достапни и можат да ги добијат на ВЕБ страната на Советот за радиодифузија на РМ: www.srd.org.mk.

4. Барањето од Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија“ бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-1314/1 од 22.03.2013 година), е делумно позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Советот за радиодифузија на Република Македонија им доставува копии од Правилникот на Советот за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите, Правилник на Советот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци, Анализата на поведените управни спорови против одлуките на Советот за радиодифузија, и Одлуката со која ТВ Пинк 15 и е одземена дозволата за работа.

5. Барањето од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија“ бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-2258/1 од 16.05.2013 година), е делумно позитивно одговорено со што на подносителот на барањето му е одговорено дека нивното барање опфаќа вкупно 133 (сто триесет и три) акти, во обем на секој од нив од најмалку неколку до најмногу десетина и повеќе страници, а донесени во текот на 2011 и 2012 година. Нивното пребарување во архивата на Советот бара време што го надминува законскиот рок од 30 дена за одговор, поради што се побара негово продолжување за уште законски дозволените 10 дена. Подносителот е известен и упатен на веб страната на Советот за радиодифузија – www.srd.org.mk , во рубриката „За Советот“ каде се застапени и извештаите за работењето на Советот за радиодифузија во 2011 и 2012 година. Во тие извештаи се содржани детални текстуални и табеларни податоци за изречените мерки од страна на Советот за радиодифузија, за издадените налози за исклучување на програмски сервиси и за поведените барања за поведување на прекршочни постапки.

6. Барањето од Центар за развој на медиуми, ул.„11 Октомври“ бр.21-2/14, 1000 Скопје, (наш бр.12-2533/1 од 31.05.2013 година), е делумно позитивно одговорено со што на подносителот на барањето му е одговорено дека им се доставува

Одлуката на Советот бр.07-73 од 17.04.2013 за објавување конкурс за доделување на дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија преку терестријален предавател на државно ниво („Службен весник на РМ" бр.56/13). По однос на Анализата за потреба за доделување на предметната дозвола за емитување на државно ниво а која не е содржана во Листата на информации од јавен карактер на Советот, подносителлот е информиран дека Анализата е достапна на страната на Советот - www.srd.org.mk, на кој исто така се наоѓа и записникот од одржаната седница на 23.05.2013 година. Во однос на "дописот со доказите од ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје со кој се докажува промената во сопственоста" подносителот е известен дека ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје не извршил промена во својата сопственичка структура туку своето работење го усогласил со член 11 од ЗРД, односно Советот не располага со наведената документација од страна на подносителот.

7. Барањето од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-2258/3 од 05.07.2013 година), е позитивно одговорено со што на подносителот на барањето му е доставен компакт диск (ЦД), кое ги содржи сите информации од јавен карактер наведени во нивното барање.

8. Барањето од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-2258/4 од 11.07.2013 година), е позитивно одговорено со што на подносителот на барањето му е доставен компакт диск (ЦД), кое ги содржи сите информации од јавен карактер наведени во нивното барање.

9. Барањето од ТРД РТВ Орбис Битола, ул. Борка Левата б.б. Битола, (наш бр. 12-2487/1 од 29.05.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност се пресметува согласно формулата од член 60 од Законот за радиодифузната дејност (Сл.весник на Република Македонија 100/05.19/07,103/08,152/08,06/10,145/10,97/11,13/12 и 72/13). Врз основа на наведената формула се пресметува и надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за друштво кое емитува телевизиска програма преку оператор на јавна телекомуникациска мрежа. Според последните податоци добиени од Државен завод за статистика, надоместокот за емитување на регионот на Скопје преку јавна телекомуникациска мрежа за коефициент за формат на

радиодифузниот сервис (Кп)=1 за телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, изнесува:

| | |
|---|---|
| Пресметан надоместок | 10.693,00 Еур во денарска противредност |
| ДДВ 18% | 1.925,00 Еур во денарска противредност |
| Вкупно | 12.618,00 Еур во денарска противредност |

10. Барањето од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр. 12-2960/1 од 01.07.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Советот му доставува компакт диск (ЦД), кое ги содржи сите информации од јавен карактер, наведени во барањето на подносителот:

11. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3464/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека за повреди на член 154 став 1 и став 3 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13), *(Исправката, односно одговорот се објавува без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во програмата и на ист или сличен начин на оној на кој била објавена информацијата (став 1)* и на објавената исправка, односно одговор не е дозволено да се емитува коментар *(став 3))*, изречени се:

- 1 (една) писмена опомена,
- 1 (една) писмена опомена со барање за објавување, и
- 2 (две) укажувања.

Исто така, за повреди на член 154 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, *(Исправката, односно одговорот се објавува без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во програмата и на ист или сличен начин на оној на кој била објавена информацијата (став 1))*, упатено е:

- 1 (едно) укажување.

12. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3465/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Советот за радиодифузија е независно регулаторно непрофитно тело составено од 15 члена кои ги бира Собранието на Република Македонија според услови и на начин предвидени со Законот за радиодифузната дејност (Глава IV). Според него, лицата кои се бираат за членови на Советот за

радиодифузија треба претходно да се истакнале во области поврзани со остварувањето на надлежностите на Советот какви што се комуникологијата, новинарството, телекомуникациите, информатиката, културата, економијата, правото и сл.

Советот е едно тело кое ги носи одлуките, а сите потребни анализи, истражувања, извештаи и други материјали ги изработува Стручната служба врз основа на домашната регулатива и највисоките европски стандарди и практики. Обврска на Советот е да го следи работењето на телевизиите и радијата, но притоа не смее да ја пречекори границата на независност и слобода на медиумите во формулирањето на нивната уредувачка политика, секако сѐ додека таа е во согласност со законските и подзаконските акти. Всушност, делокругот на работата и постапување на Советот за радиодифузија е определен со Законот за радиодифузната дејност, кој пропишува дека регулаторното тело (меѓу другото) се грижи за заштита на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност. Кога се во прашање младите, Законот определува дека Советот треба посебно да се грижи за заштита на малолетната публика, што континуирано се спроведува во практиката.

Во своето 16-годишно постоење, Советот настојува да ги дознае потребите на сите делови од публиката (вклучувајќи ги и младите) и тоа на неколку начини. Еден од начините преку кои Советот дознава за ставовите на граѓаните за радио и телевизиските програми се испитувањата на јавното мислење кои се нарачуваат во зависност од потребите, а се спроведуваат врз примерок кој е репрезентативен за популацијата во Република Македонија.

Две од овие испитувања се достапни преку веб страницата на Советот,на http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=871&Itemid=435&lang=mk.

Друг начин се консултациите со јавноста. Имено, јавната дебата е неизоставен дел од процедурата на донесување на сите подзаконски акти на регулаторот (правилници и упатства). Една од најопширните дебати беше онаа при донесувањето на Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, достапен на:

(http://www.srd.org.mk/images/stories/Pravilnik_maloletnici.pdf).

Повремено, се организираат и дополнителни консултации по конкретни прашања – на пример по повод можните влијанија на кампањата против употребат на дроги врз помладата публика - или дебати – како онаа за тоа какви програми за деца да се создаваат, на која презентација имаше професорката по психологија Сандра Калверт од американскиот универзитет „Џорџтаун" од Вашингтон. Освен ова, Советот организира јавни консултации за други битни прашања и акти. На пример јавна консултација со широк опфат беше спроведена пред и при изготвувањето на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2013 – 2017 (достапна на http://www.srd.org.mk/images/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan_2.pdf) во која посебно се третираат прашањето на заштитата на малолетната публика од програми кои можат да му наштетат на нејзиниот развој, говорот на омразата, а има и посебно заглавие за Медиумската писменост (прашање кое е од интерес за целата популација, но особено на младите).

12. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3466/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Основниот акт со кој се регулираат прашањата во сферата на радиодифузијата е Законот за радиодифузната дејност (2005), достапен на:

(http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=61&Itemid=99.)

Низа аспекти од емитуваната телевизиска и радио програма кои се предмет на надзор од страна на Советот за радиодифузија се доуредени со подзаконските акти на Советот, достапни на:

http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=662&Itemid=100&lang=mk,

http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=704&Itemid=113&lang=mk,

http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=230&Itemid=268&lang=mk

Секоја година се носи и посебна Програма за работа на Советот за радиодифузија во која се предвидуваат и активностите врзани за мониторингот на програмите на радиодифузерите. Програмата за работа на Советот за 2013 година е достапна на http://www.srd.org.mk/images/2013-1.pdf

13. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3467/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето

му е одговорено дека Во член 37 став 1 точка 4 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13), е утврдено дека Советот за радиодифузија врши надзор врз работата на субјектите кои вршат радиодифузна дејност од аспект на почитувањето на одредбите на овој закон, дозволата за вршење радиодифузна дејност и актите на Советот за радиодифузија, што се однесуваат на програмските содржини.

Додека во член 37 став 1 точка 4 од Законот е пропишано дека Советот за радиодифузија презема мерки пропишани со закон против радиодифузерите што не ги извршуваат своите обврски утврдени со закон, дозволата за вршење радиодифузна дејност и актите на Советот за радиодифузија.

Во членот 38 од Законот за радиодифузната дејност е нормирано дека:

"Доколку Советот за радиодифузија во вршењето на работите од својата надлежност констатира непочитување на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и на условите утврдени со дозволата за вршење на радиодифузна дејност на радиодифузерот може да му изрече една од следниве мерки:

- писмена опомена;
- писмена опомена со барање за објавување;
- времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден до седум дена и
- времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од најмногу три месеца.

Мерката писмена опомена се изрекува во случај на која било сторена повреда од ставот 1 на овој член.

Мерката писмена опомена со барање за објавување се изрекува во случај кога радиодифузерот, и покрај писмената опомена, продолжува со вршење на истата повреда за која му е изречена писмената опомена.

Мерката времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден до седум дена се изрекува во случај на повреда на одредбите од главите VI или VII на овој закон.

Мерката за времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од најмногу три месеца се изрекува во случај кога радиодифузерот, и покрај времената забрана за рекламирање и телешопинг, продолжува со вршење на истата повреда за која му е изречена времената забрана за рекламирање и телешопинг.

Мерката времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од најмногу три месеца може да се изрече како прва мерка на повреда од членот 20 ставови 1и 2, членот 69 и членот 70 на овој закон.

Со одлуката со која се изрекуваат мерките од ставот 1 на овој член се утврдува и рокот кој не може да биде пократок од седум и не подолг од десет дена во кој треба да се отстранат сторените повреди со непочитување на овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон и условите утврдени со дозволата за вршење на радиодифузната дејност.

Против одлуката од ставот 7 на овој член може да се поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 15 дена од денот на добивањето на одлуката. Постапката пред надлежниот суд е итна. Тужбата не го одлага извршувањето на одлуката.

Мерките од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член го исклучуваат покренувањето на прекршочна постапка во случај на отстранување на повредите заради кои се изречени."

Во член 37 став 1 точка 13 од Законот е предвидено дека Советот за радиодифузија донесува и спроведува мерки утврдени со овој закон, поднесува прекршочни и кривични пријави и врши други работи предвидени со овој или друг закон.

Прекршочните одредби се определени во "глава XVI" член 166 и член 167 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13).

Законот за радиодифузната дејност, со измените и дополнувањата, е објавен и на веб страната на Советот за радиодифузија www.srd.org.mk. во делот "легислатива".

14. Барање од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3468/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Основниот акт со кој се регулираат прашањата во сферата на радиодифузијата е Законот за радиодифузната дејност (2005), достапен на:

http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=61&Itemid=99.

Низа аспекти од емитуваната телевизиска и радио програма кои се предмет на надзор од страна на Советот за радиодифузија се доуредени со подзаконските акти на Советот, достапни на:

http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=662&Itemid=100&lang=mk,
http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=704&Itemid=113&lang=mk,
http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=230&Itemid=268&lang=mk

15. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3469/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Стратешките правци во кои треба да се движи радиодифузијата се поставуваат во стратегиите за развој на радиодифузната дејност. Во моментов на сила е Стратегијата за периодот 2013 – 2017 (првата се однесуваше на периодот 2007 – 2012). Во овие стратешки документи се анализираат сите клучни прашања и проблеми и се даваат насоки за нивно решавање. Во Стратегијата 2013 – 2017 http://www.srd.org.mk/images/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan_2.pdf во заглавието „1.6 Програмски стандарди за човековите права", се разработуваат и прашањето за говорот на омразата, за дискриминацијата и воопшто за почитувањето на професионалните стандарди. Притоа се посочува дека на европско тло не постои унифицирана дефиниција за овој поим, но оти најчесто се употребува онаа од Препораката Бр. R(97) 20 на Советот на Европа за „говорот на омраза". Се укажува и на потребата да се продолжи подигањето на нивото на професионалност кај медиумските работници како и да се востанови систем на саморегулација кој ќе им помогне на новинарите да го препознаат говорот на омразата и дискриминацијата воопшто.

16. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3470/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека нема посебен акт за регулирање на говорот на омраза, а основата за постапување на Советот за радиодифузија во случаи кога треба да се оцени дали изнесувањето определен став преку медиумите е дел од дебатата на јавноста неопходна во едно демократско општество или говор на омраза ги дава Законот за радиодифузната дејност – член 68 и 69. При изработката на анализите

на ваквите програми, Стручната служба на Советот се раководи од домашната законска рамка, Универзалната декларација за човековите права, Европската конвенција за човековите права, релевантните препораки и прирачници на Советот на Европа, праксата и актите на Европскиот суд за човекови права во Стразбур и домашната судска пракса.

17. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3471/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Советот за радиодифузија на Република Македонија ги нема изработено наведените анализи односно истражувања.

18. Барањето од Моника Божиновска, ул. Стогово 24а Скопје, (наш бр.12-3472/1 од 12.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2013 – 2017 (http://www.srd.org.mk/images/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan_2.pdf), во поглавието за Медиумската писменост се обработува прашањето на условите за развој на медиумската писменост во Република Македонија, при што се посочува на кое ниво се наоѓа секој од индикаторите за медиумскиот контекст: медиумското образование, медиумската политика, медиумската индустрија и граѓанското општество. Медиумската писменост е прашање кое ги засега сите возрасни групи, но, за нејзината важност за младите говори и фактот што еден од индикаторите е токму медиумското образование и тоа на сите степени од образовниот процес – од претшколски да факултетски.

Во овој контекст, препознавајќи ја својата одговорност за унапредување на два од индикаторите - медиумската политика и медиумската индустрија – Советот предвиде изработка на План за развој на медиумската писменост, а со новата законска регулатива, ова прашање ќе биде дел од неговите надлежности. Од есенва, во Советот почнува да се реализира и ИПА проект за јакнење на капацитетите на регулаторот и една од активностите на кои ќе се работи со експертите ќе биде токму спроведување на предвидените активности за развој на медиумската писменост. Секако, имајќи ја предвид долгогодишната практика на Советот да ја инволвира јавноста во изготвувањето на своите акти, регулаторот ќе очекува активно учество на граѓанскиот сектор (вклучувајќи ги и организациите на младите) во процесот на јавни консултации и јавна расправа.

19. Барањето од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-3527/1 од 20.08.2013 година), е

позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Советот им доставува фотокопија од Укажувањето бр.03-2180/1 од 10.05.2013 со кое на ТРД Канал 5 му се упатува укажување за прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, е објавен на веб страната на Советот на радиодифузија на Република Македонија: www.srd.org.mk.

20. Барањето од адвокат Александар Михајлоски, ул.„Црвена вода" бр.7/3, 1000 Скопје, (наш бр.12-3530/1 од 20.08.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека му се доставува копија од барањето на РА Канал 77 од Штип за одобрение за промена на сопственичка структура.

21. Барањето од Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – Скопје, Ул. Даме Груев бр.28, 1000 Скопје, (наш бр.12-4176/1 од 24.10.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека:

- во однос на прашањето „Дали во редовите на Советот за радиодифузија има претставник на ромската етничка заедница во РМ, согласно член 24 од Законот за радиодифузната дејност и Стратегијата за Ромите во Република Македонија?", Ве информираме дека од денот на влегувањето во сила на постојниот Закон за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13), во месец ноември 2005 година, од страна на Собранието на Република Македонија, во Советот за радиодифузија на Република Македонија, не е избран член на Советот, припадник на ромската зедница. Меѓутоа, Собранието на Република Македонија, со Одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија бр.07-5210/1 од 21 октомври 2003 година („Службен весник на Република Македонија" бр.68/2003), донесена врз основа на „стариот" Закон за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.20/97), за член на Советот го избрал Ашмет Елезовски, новинар од Куманово (припадник на ромската етничка зедница), чиј мандат му престанал со изборот на членови на

Советот согласно постојниот Закон за радиодифузната дејност текот на 2006 година.

- во однос на прашањето за програмските стандарди Ви напоменуваме дека членот 68 од Законот за радиодифузната дејност претставува реафирмација на основните професионални стандарди на новинарската професија чие почитување е conditio sine qua non за функционирање на кој било медиум. Конкретно, ниту еден медиум не би смеел да си дозволи да работи спротивно на овие стандарди доколку претендира да биде професионален, односно самостоен, независен и одговорен при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика, како што посочува последната алинеја од членот 68. Набројувањето на овие стандарди во Законот е начин како да се мапира рамката во која телевизиите и радијата треба да ги исполнуваат програмските барања. Токму поради тоа, во главата Прекршочни одредби не е предвидена прекршочна санкција за непочитување на член 68. Тргнувајќи од принципот дека слободата на изразување е гарантирана со член 10 од Европската конвенција за човековите права и слободи и со член 16 од Уставот на Република Македонија, а со цел да не завлегува во уредувачката независност на медиумите, Советот за радиодифузија не врши континуиран мониторинг на придржувањето кон програмските стандарди, зашто тоа би претставувало контрола. Меѓутоа, во случаи кога Советот самиот или врз основа на претставка, ќе забележи дека на некој медиум е емитувана содржина што може да претставува нивно непочитување, спроведува мониторинг (ова е процедура која важи за сите стандарди од член 68 вклучувајќи ги и оние за поттикнување на духот на толеранција, заемно почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло и за отвореноста на програмите за изразување на различните култури кои се составен дел од општеството). Во ваквите случаи се спроведува комуниколошка анализа со примена на техниките анализа на содржина и дискурзивна анализа, при што правната рамка ја сочинуваат европските и македонските закони (Европската конвенција за човековите права и слободи, релевантните препораки и прирачници на Советот на Европа, упатствата и прирачниците на Европскиот суд за човекови права, Уставот на Република Македонија и Законот за радиодифузната дејност), а за репер се зема судската пракса на Европскиот суд за човекови права и на судовите и институциите во Македонија. Доколку се утврди дека потенцијално проблематичната содржина, споредена со сеопфатните и строги критериуми

произлезени од наброените документи, прекршува некој принцип, Советот презема некоја од мерките наведени во член 38 од Законот за радиодифузната дејност, со тоа што не може да покрене прекршочна постапка (поради непостоењето прекршочна санкција).

- во однос на прашањето за непрофитните радиодифузери, Ве известуваме дека во периодот од 2005 година наваму, кога со донесувањето на Законот за радиодифузната дејност во македонската радиодифузија беше воведен третиот, непрофитен сектор, доделени се вкупно четири дозволи за непрофитни радија. Три од тие радија се наменети за задоволување на потребите на студентската популација на три универзитети (во Скопје, во Битола и во Штип). Четвртата дозвола беше доделена на непрофитно радио на немнозинска заедница – Радио Дост ФМ од Штип (Дост Логун Сеси) кое емитуваше програма на турски јазик за потребите на турската заедница во Штип и околината. Во септември 2010 година, ова радио ја врати дозволата и престана да работи наводно од финансиски причини. Досега ова е единствена побарана и доделена дозвола за радио на етничка заедница. Обврските кои треба да ги исполнуваат непрофитните радија за да ги задоволуваат потребите на заедницата поради која постојат, се утврдуваат во посебен Анекс од Дозволата за вршење радиодифузна дејност. За студентските радија, освен од законот, тие се извлечени и од истражување на ставовите на студентската популација за тоа каков тип информации и каква музика сака. Доколку со редовните мониторинзи се утврди дека постојат индиции оти некое од овие радија не ја исполнува својата функција, се спроведува мониторинг (комуниколошка анализа) во кој со примена на квантитативна и квалитативна анализа на содржината се проверува дали се исполнуваат обврските од Анексот од Дозволата. Така, се утврдува дали е запазен соодветниот соодност помеѓу говорот и музиката, дали се емитуваат онакви жанрови музика какви што се предвидени, дали радиото го почитува правилото дека не смее да емитува реклами, дали содржините што ги емитува претежно се однесуваат на студентскиот живот итн. Она што беше загатнато во точка 4.47 од првата Стратегија за развој на радиодифузната дејност 2007 – 2012, која беше правена во време кога се правеа првите чекори во новиот непрофитен сектор, беше продолжено во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во РМ 2013 – 2017 (во точка 1.5 на стр. 32 од Стратегијата достапна на http://www.srd.org.mk/images/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan_2.pdf). Врз основа на

досегашната примена на Законот и функционирањето на македонскиот непрофитен радиодифузен сектор во практиката, во Стратегијата се заклучува:

„За да се овозможи развој на овој сектор во радиодифузијата потребно е да се изработи посебен концепт за развој на медиумите на заедницата во кој акцент ќе биде ставен на радиото на заедницата. Со него треба да се предвидат параметрите според кои ќе се утврдува кои заедници можат да ги задоволат своите медиумски потреби преку радио на заедницата, при што треба да се разгледа како овој сектор да се користи и за развој на мултикултурноста и за зачувување и негување на културите на помалите етнички заедници."

Со Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, се предвидува овој концепт да се изработи до крајот на 2014 година (види на стр. 83 точка 7 од Акцискиот план достапен на http://www.srd.org.mk/images/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan_2.pdf). Секако, процесот на донесување на овој важен документ во себе ќе опфаќа и јавна расправа/консултација.

Инаку, во актуелната законска регулатива е предвидено во непрофитниот сектор да функционираат радија, не и телевизии. Досегашната практика покажува дека ваквата определба е соодветна зашто и таа е потешко финансиски остварлива (иако е поефтина од телевизијата) – како што покажува примерот на Дост ФМ. Всушност, примерот на ова поранешно штипско радио на површина исфрли уште еден значаен факт - самите заедници за кои (можат да) се формираат ваквите радија, не го согледуваат нивниот потенцијал и не им даваат доволно поддршка.

Во моментов, еден од начините како системски се поддржува непрофитниот сектор е тоа што дозволата за непрофитно радио чини најмалку (член 60 од Законот за радиодифузната дејност).

- во однос на прашањето во врска со „Декларација за улогата на медиумите на заедницата во промовирањето на социјалната кохезија и интеркултурниот дијалог на Комитетот на Министри на Советот на Европа од 2009 година", Ве информираме дека во Декларацијата за улогата на медиумите на заедницата..., во точка ii се говори за тоа дека е пожелно да им се доделат (алоцираат) доволен број аналогни и дигитални фреквенции, колку што е тоа можно, и да се води сметка процесот на дигитализација да не се одрази неповолно врз медиумите на заедниците. Почнувајќи од 1 јуни 2013 година, во Република Македонија нема повеќе аналогна телевизија, односно сите ТВ-станици се емитуваат или преку

дигитален терестријален мултиплекс, или преку оператори на електронски комуникациски мрежи (кабелски оператори). Радијата и натаму својот сигнал го емитуваат аналогно. Практиката (и регулативата) во македонската радиодифуизја е таква што никогаш немало резервирање фреквенции, туку, врз основа на проценката за потребите или искажаната потреба од самите заедници, во отворена конкурсна постапка се доделувале дозволи за вршење радиодифузна дејност. Процесот на дигитализација не се одрази неповолно на ниту една ТВ станица, вклучувајќи ги и оние кои емитуваат програма на некој од јазиците на немнозинските заедници. Во моментов (ноември 2013 година) на немнозински јазици програма емитуваат вкупно 20 ТВ станици (од 65 постоечки телевизии) и тоа: 12 на албански, две на албански и на македонски, две на албански, македонски и на турски, една на бошњачки, една на бошњачки, македонски и албански, а две на ромски и на македонски. Освен нив, 15 радија (од вкупно 78) се наменети за немнозински заедници и тоа: 11 на албански, едно на албански и на македонски, едно на албански, македонски и на турски, едно на ромски и на македонски и едно на македонски, српски и хрватски.

Како што може да се види, програма на ромски јазик емитуваат две телевизии и едно радио. Тие самите, при аплицирањето за дозвола побарале освен на ромски да емитуваат и на македонски јазик, и ваквото нивно барање било уважено.

Советот настојува да обезбеди услови за развој на сите сегменти на радиодифузијата. Како регулаторно тело, тој самиот не иницира проекти за развивање нови програми и формирање нови медиуми на заедниците, туку иницијативата произлегува од самите заедници. Советот, доколку утврди дека постои таква празнина во медиумскиот пејзаж, проверува дали има слободни фреквенции (за аналогните фреквенции надлежна е Агенцијата за електронски комуникации) и доколку нема препреки се распишува конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност. Како што покажува погоре цитираниот заклучок од Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во РМ 2013 – 2017 (види го одговорот за третата точка), Советот увиде дека на медиумите на заедницата во Република Македонија им е потребен дополнителен поттик за развој, како и дека на самите заедници и е потребно да се запознаат со можностите што ги нуди овој сектор. Токму затоа е иницирано и изготвувањето посебен концепт за развој на медиумите на заедницата.

- Во однос на прашањето за постапувањето по претставки, Ве известуваме дека во текот на 2012-та година, до Советот за радиодифузија на Република Македонија, доставена е 1 (една) претставка односно предлог, по која е одговорено во законски утврдениот рок. Станува збор за допис доставен од Комисијата за заштита од дискриминација на Република Македонија УПП бр. 03-134 од 17.09.2012 година, по повод претставка поднесена до нив од страна на Здружението за развој на ромската заедница СУМНАЛ, во прилог на која е доставен аудио запис на песна од музичката група „Токсикологија", а со барање (изјаснување по претставка) од Советот, дали текстот на таа песна е спротивна на програмските стандарди и дали песната е емитувана на програмата на радиодифузерите. Во однос на тоа, Советот ја извести Комисијата за заштита од дискриминација дека по преслушување на доставениот аудио запис, констатирано е дека текстот на песната изобилува со екстремно вулгарни изрази кои се навредливи за женската популација и воедно претставуваат крајно неприфатлив облик на сексизам. Исто така, ромската етничка заедница е спомената во крајно дегутантна и навредлива конотација. Поради тоа, содржината на песната е спротивна на програмските стандарди за емитување на радио и телевизиска програма утврдена во Законот за радиодифузната дејност. Истовремено, со одговорот Советот за радиодифузија ја извести Комисијата, дека дотогаш со мониторингот на Советот не е забележано емитување на оваа песна на програмата на некој радиодифузер.

- во однос на прашањето „колку часа неделно изнесува времето кое вториот програмски сервис на МРТ го посветува на емитување на содржини на ромски јазик?", известени се дека најновите податоци за телевизиските и радио програмите на јазиците на заедниците најточно можат да се добијат од Јавниот радиодифузен сервис. Советот може да ве упати на податоците разработени минатата година во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во РМ 2013 – 2017 (точка 1.2.1 Понудата на јавниот радиодифузен сервис: реалност и очекувања, стр: 20 – 26 достапна на http://www.srd.org.mk/images/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan_2.pdf). На МРТ 2, Редакцијата на ромски јазик имала по околу еден ипол до два часа програма седмично, а радиопрограмата на ромски јазик се емитувала по половина час дневно. Согласно Законот за радиодифузната дејност (член 133) Советот на Македонската радиотелевизија е тој кој „ја утврдува програмската политика на МРТ и го надгледува спроведувањето на програмските

начела, а во случај на нивно непочитување може писмено да го предупреди извршниот директор и Управниот одбор на МРТ, односно да побара од него да го прекине емитувањето на програмата со која се прекршуваат програмските начела."

Советот за радиодифузија, како регулаторно тело не смее да се меша во програмската политика на МРТ. Она што смее да го направи е како тело кое поседува соодветна стручност, да изработи комуниколошки анализи на остварувањето на функциите на јавниот сервис и на политичкиот плурализам и овие анализи да ги достави до Советот на МРТ кој потоа може (но не мора) да ги употреби во утврдувањето на програмската политика. Досега Советот, освен анализата на која реферирате во вашето прашање, има изработено и други вакви анализи (види http://www.srd.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=560&Itemid=356&lang=mk) и ги има доставено до Советот на МРТ. И во делот од Стратегијата кој ви е посочен во првиот пасус од одговорот на оваа точка, Советот дава сугестии за можните правци на квантитативен и квалитативен развој на програмите на јазиците на етничките заедници, но нивното прифаќање е целосно во надлежноста на Македонската радиотелевизија.

- во однос на прашањето за медиуми кои емитуваат програмски содржини на ромски јазик, Ве известуваме како што е веќе наведовме (во одговорот под точка 3), во Република Македонија во моментов има две телевизии (во Скопје) и едно радио (во Штип) кои емитуваат програма на ромски и на македонски јазик, согласно нивната сопствена пријава на конкурсите за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност.

- Барање од Елена Чапова, ул. „Веселин Маслеша" 1/3-15, 1000 Скопје, (наш бр.12-4060/1 од 10.10.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека:

- во однос на прашањето „Кои субјекти се сметаат за корисници на Вашите услуги?", Ве известуваме дека Советот за радиодифузија не нуди услуги, туку како регулаторно тело во областа на радиодифузијата го следи почитувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на Република Македонија бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13) од страна на радиодифузерите (телевизиите и радиостаниците) и операторите на јавни комуникациски мрежи.

- во однос на прашањето „Каков е односот економски субјекти виза-ви граѓаните како корисници на услуги?", Ви напоменуваме дека не постои директен економски однос помеѓу радиодифузерите и граѓаните како гледачи, поради тоа што радиодифузерите во Република Македонија програмата ја емитуваат *free-to-air*, односно граѓаните имаат слободен прием до програмите на сите радиодифузери. Радиодифузерите остваруваат приходи од продажба на времето за рекламирање кон огласувачките компании, а не директно од гледачите.

Советот за радиодифузија при остварувањето на своите надлежности се грижи за заштита на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност. Доколку граѓаните сметаат дека нивните интереси се загрозени, односно дека на програмите на радиодифузерите се емитувани содржини кои содржат порнографија, прекумерно насилство, или можат да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите, или пак повикуваат на насилно рушење на уставниот поредок, верска, национална, етничка или расна нетрпеливост, тие се обраќаат до Советот со претставка. Сите примени претставки во Советот се заведуваат во Уписникот за постапување по претставките и предлозите. По приемот на претставката, службите во Советот вршат анализа на спорната содржина и доколку со анализата се констатира дека радиодифузерот ги прекршил одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот му изрекува мерки. Без оглед какви заклучоци ќе произлезат од анализата, Советот секогаш доставува одговор до граѓанинот кој ја поднел.

- во однос на прашањето „Кои инструменти применува Советот за регулирање на пазарот, односно како ги дефинира рамките за утврдување на цените на услугите за давателите на своите услуги?", Ви појаснуваме дека цените на пазарот на радиодифузната индустрија се формираат слободно, врз основа на пазарните законитости, односно врз основа на понудата и побарувачката на времето за рекламирање, при што единствен критериум е гледаноста на програмските содржини (рејтинзите). Советот се грижи за развој и унапредување на конкуренцијата на пазарот, но не преку интервенирање во цените по кои радиодифузерите го продаваат рекламното време, ниту пак има таква надлежност.

22. Барањето од Игор Јадровски, Legal Advisor H.E.R.A. Health Education and Research Association Дебарца 56, 1000 Скопје, (наш бр.12-4031/1 од 07.10.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Записникот од 48-та седница на Советот одржана на 30.09.2013

година е објавен на веб страната на Советот на радиодифузија на Република Македонија: www.srd.org.mk.

23. Барањето од ТРД ТВ АЛСАТ-М ТВ, СКОПЈЕ, бул. Крсте Мисирков бр.7 ламела Ц/9 кат, ДТЦ Мавровка 1000 Скопје, (наш бр.12-4618/1 од 19.11.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Советот за радиодифузија има обезбедено снимки од реемитувањето на странскиот телевизиски програмски сервис ТВ Хајат за деновите од 19 до 22 ноември 2013 година, кои се доставувени во прилог. Во однос на странските телевизиски програмски сервиси ТВ 21 Косово (TV 21 Kosovo) и Визион Плус (Vizion plus), подносителот е известен дека операторот не ги реемитува.

Во однос на барањето за достава на ЦД од снимката од реемитуваните програмски сервиси од страна на Скупи Визион – Скопје, конкретно на каналите на кои оди серијата „Карадај", подносителот е известен дека Советот за радиодифузија нема техничка конекција со излезниот сигнал на овој оператор.

24. Барањето од Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – Скопје, Ул. Даме Груев бр.28, 1000 Скопје, (наш бр.12-4465/1 од 12.11.2013 година), е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека согласно Деловникот за работа на Советот за радиодифузија на Република Македонија, за работата на секоја седница на Советот се води записник кој содржи време, датум и место на одржувањето на седницата, лица присутни на седницата, дневен ред, изјаснувањата на членовите на Советот по утврдениот дневен ред, донесените одлуки, решенија и заклучоци. Во таа насока се информирани дека Записникот од 57-та јавна седница, на тема „Родот и медиумите", одржана на 11.11.2013 година во Клубот на пратениците во Скопје, е достапен на веб страната на Советот за радиодифузија. Подносителот е и информиран дека Советот подготвува и Хроника за секоја одржана седница, која исто така е достапна неговата веб страна.

25 и 26. Барањето од Младински образовен форум, ул. Дренак 34а, 1000 Скопје, (наш бр.12-4633/1 од 20.11.2013 година), во врска со информациите „програмски препораки за следење на коректното користење на младите во рекламирањето, листата на медиуми до кои се испратени (од донесувањето на НСН до денес) и листа на медиуми кои ги применуваат" и Барање од Младински образовен форум, ул. Дренак 34а, 1000 Скопје, (наш бр.12-4634/1 од 20.11.2013 година), во врска со

информацијата „програмски препораки за подобрување на имиџот врз младите луѓе кој медиумите денес го имаат, листа на медиуми до кои се доставени (од донесувањето на НСМ до денес), со конкретни препораки до секој медиум и листа на медиуми кои ги спровеле“ е позитивно одговорено, со што на подносителот на барањето му е одговорено дека Барањето за информации што го упатија до нас послужи како основа Советот повеќе да се информира за Националната стратегија за млади. Исто така, се запозна поблиску и со содржината на некои од документите на кои таа реферира, какви што се Бела книга на европската младинска политика на Европската комисија и Единаесетте индикатори за младинската политика на Европскиот младински форум. Беше направен контакт со раководните лица од Агенцијата за млади и спорт при што ни беше потврдено дека во оваа стратегија нема активности предвидени за Советот за радиодифузија.

Прашањата и препораките во врска со медиумите во делот „Младинско информирање“ се во доменот на саморегулацијата, односно за нив треба да се договорат самите медиуми, врз основа на дебата. Тие не можат да бидат наметнати од регулаторот, бидејќи тоа би претставувало мешање во независноста и уредувачката политика на медиумите зашто Советот како регулатор нема законска основа да наметнува ваков вид препораки.

Меѓутоа, Советот може да помогне да се отвори дебата која можеби ќе резултира со некаква форма на саморегулација по овие прашања и за таа цел, на 16 декември 2013 година, во Советот се одржа состанок меѓу претседателот на Советот д-р Зоран Трајчевски и директорот на Агенцијата за млади и спорт г. Александар Пујовски. Врз основа на овие разговори Советот, во својата програма за работа за 2014 година ќе предвиди активности - како на пример консултации, истражување и јавна дебата - кои би можеле да помогнат да се отвори расправа за сликата што ја креираат медиумите за младите луѓе, односно би отпочнал дијалог меѓу медиумите и младинските организации.

Реализацијата на овие активности ќе биде предвидена за втората половина на 2014 година со оглед на фактот дека Советот, во првата половина од годината ќе биде концентриран на мониторинг на медиумското покривање на изборите.

**4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање;**
**8 (осум) барања се одбиени, и тоа:**

1. Барањето од Драган Здравевски, Бул. „Авној" бр.84/2-1, 1000 Скопје, (наш бр.12-824/1 од 21.02.2013 година), за информација во врска со тоа „дали Одлуката на Владата на РМ бр.23-624/1 од 09.03.1998 година, донесена на предлог на Советот за радиодифузија, објавена во „Сл. Весник на РМ" бр.13/98 е во правно дејство", одбиено е барањето од причина што информација не се наоѓа на Листата на информации од јавен карактер на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

2. Барањето од Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-1140/1 од 13.03.2013 година), за информација во врска со „целокупната документација од судскиот предмет бр.ТСЖ бр.3028/12 од 31.01.2013 година на Апелациониот суд Скопје, вклучувајќи ги и списите од постапката што се водела пред првостепениот суд, одбиено е барањето од причина што документацијата од судските постапки на Советот за радиодифузија на Република Македонија не е утврдена во Листата на информации од јавен карактер (која е објавена на веб страната на Советот: www.srd.org.mk), поради што бараната документација Советот не беше во можност да ја достави.

Со оглед на тоа, а заради излегување во пресрет на нивното барање за доставување на информации од јавен карактер, во прилог (Прилог 1), како документ утврден во Листата на информации од јавен карактер, се достави Заклучокот на Советот, бр.02-837/3 од 27.02.2013 година, донесен од страна на Советот за радиодифузија на РМ на 11-та седница одржана на 27.02.2013 година, на која седница Советот ја разгледа и усвои предложената Информација за потребата од постапување по Пресудата ТСЖ бр.3028/12 од 31.01.2013 година на Апелациониот Суд Скопје, на кој предмет се однесуваше нивното Барање.

3. Барањето од Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-1314/1 од 22.03.2013 година), за информација во врска со „Меморандумот за разбирање склучен помеѓу Советот за радиодифузија и MaxTV", е одбиено е барањето од причина што документот не е во Листата на информации од јавен карактер (која е објавена на веб страната на Советот: www.srd.org.mk) поради што бараниот документ Советот не беше во можност да го достави.

4. Барањето од „Транспарентност Македонија", Бул. „Илинден" 50 1000 Скопје, (наш бр. 12-2658/1 од 06.06.2013 година), информација во врска со „фотокопија од пријавата и потребната документација и податоци кои согласно член 49 од Законот за радиодифузната дејност, кандидатите (ТВ Алфа и Канал 77) на Конкурсот за доделување на 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност, за емитување и пренос на радио програмски сервис на државно ниво, преку терестријален предавател од 17.04.2013 година, биле должни да ги достават до Советот за радиодифузија", одбиено е барањето од причина што документите, не се содржани во Листата на информации од јавен карактер на Советот за радиодифузија на Република Македонија и со оглед на тоа, Советот нема обврска за нивно доставување.

5. Барањето од Центар за развој на медиуми, ул.„11 Октомври" бр.21-2/14, 1000 Скопје, (наш бр.12-2533/1 од 31.05.2013 година), за информација во врска со доставување на „дописот со доказите од ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје со кој се докажува промената во сопственоста, сите доставени понуди до СРД по објавениот конкурс за доделување на дозволата, и извештајот од Комисијата при СРД врз основа на кој на ТВ Алфа и е доделена дозволата за емитување на државно ниво а другите понудувачи се одбиваат, одбиено е барањето од причина што документите, не се содржани во Листата на информации од јавен карактер на Советот за радиодифузија на Република Македонија и со оглед на тоа, Советот нема обврска за нивно доставување.

6. Барањето од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-3076/1 од 10.07.2013 година), информација во врска со Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Претседателот на Советот, Заменикот на претседателот на Советот и членовите на Советот за радиодифузија на РМ и Правилникот за бруто плата и други надоместоци на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија, одбиено е барањето од причина што документите кои се предмет на нивното барање, не се содржани во Листата на информации од јавен карактер на Советот за радиодифузија на Република Македонија и со оглед на тоа, Советот нема обврска за нивно доставување.

7. Барањето од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми, ул.„Македонија" бр.11/1-5, 1000 Скопје, (наш бр.12-3350/1 од 26.07.2013 година), информација во врска со доставување на сите „понуди кои беа доставени до

Советот за радиодифузија во врска со конкурсот за доделување на дозвола за вршење на радиодифузната дејност за емитување и пренос на радио програмски сервис на државно ниво", одбиено е барањето од причина што бараната информација не е содржана во Листата на информации од јавен карактер на Советот за радиодифузија на Република Македонија и со оглед на тоа, Советот нема обврска за нејзино доставување.

8. Барањето од Зоран Златков, zoran.zlatkov@gmail.com, (наш бр.12-4692/1 од 28.11.2013 година), одбиено е барањето од причина што Советот за радиодифузија на Република Македонија не е овластен и должен да доставува копија од информација објавена на интернет сајтовите на домашни радиодифузери (радија и телевизии), врз основа на Законот за пристап до информации од јавен карактер. Советот е овластен да издава само снимка од емитувана програма на домашни радиодифузери (радија и телевизии), врз основа на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно ниво во Република Македонија и радиодифузерите од регионот Скопје (Градот Скопје и неговата околина).

**5. Број на нерешени барања:**

1. Сеуште не е решено Барањето од Здружението на граѓани – Центар за граѓански комуникации, ул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, (наш бр.12-5187/1 од 27.12.2013 година), со кое се бара достава на Извештајот за спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на горива за службените моторни возила на Советот за радиодифузија на РМ и Тендерската документација бр. 40/2013, за чие решавање не е истечен законскиот рок.

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација: 2**

- Жалба на Центарот за развој на медиуми – Скопје, против решението на Советот за радиодифузија бр. 12-3350/2 од 23.08.2013 година, донесено по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 12-3350/1 од 26.07.2013 година; и

- Жалба на Центарот за развој на медиуми – Скопје, против одговорот на барањето на Советот за радиодифузија бр. 12-2533/2 од 12.06.2013 година и решението бр. 12-2533/3 од 19.08.2013 година, донесени по барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 12-2533/1 од 31.05.2013 година.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата;..................................................0

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата............0

9. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање;..................2

- Во решението на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 07-507 од 10.10.2013 година, со кое е одбиена жалбата на Центарот за развој на медиуми – Скопје, против решението на Советот за радиодифузија бр. 12-3350/2 од 23.08.2013 година, е наведено дека Советот за радиодифузија постапил по барањето на Центарот за развој на медиуми – Скопје и во законски предвидениот рок до барателот доставил решение за одбивање на пристапот до бараните информации, кое е правилно и врз закон засновано; и

- Во решението на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 07-476 од 06.09.2013 година, со кое е одбиена жалбата на Центарот за развој на медиуми – Скопје, против одговорот на барањето на Советот за радиодифузија бр. 12-2533/2 од 12.06.2013 година, е наведено дека Советот за радиодифузија постапил по барањето на Центарот за развој на медиуми – Скопје, на начин што најпрвин во законски предвидениот рок до барателот доставил одговор на барање, а потоа донел решение за делумно одбивање на пристапот до бараните информации, кое е правилно и врз закон засновано.

10. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање;..............................................................................0

11. Број на случаи на молчење на Комисијата;..........................................................0

12. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки;....................................................................................................................0

13. Број и видови на изречени прекршочни санкции;..................................................0

14. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата;..................0

15. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд……………………………………………………...0

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 37 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

Скопје
22.01.2014
**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**

**(одговорно лице – потпис)**